**Известување за концентрација со која Мосбургер ГмбХ, Виена, Австрија ќе стекна контрола врз Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг, Гринштат Германија и Гастер Велпапе ГмбХ, Хајделберг, Германија**

**(предмет бр. 08-79/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 30.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Мосбургер ГмбХ (Mosburger GmbH), со седиште на ул.Кецергасе 112, 1230 Виена, Австрија ќе стекне единствена контрола врз Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг (Wellpappenfabrik Gesellschaft mit beschränkter Haftung) со седиште на ул.Лајнингер Штрасе 76, 67269 Гринштат, Германија и Гастер Велпапе ГмбХ (Gaster Wellpappe GmbH) со седиште на ул.Курпфалцринг 109-113, 69123 Хајделберг, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Мосбургер ГмбХ е дел од Принцхорн Групацијата, групација на друштва крајно контролирана од членови на семејството Принцхорн. Принцхорн Групацијата нема физичко присуство во Северна Македонија, но нејзината дивизија за контејнерборд и нејзината дивизија за пакување продаваат производи во Северна Македонија во одреден обем. Принцхорн Групацијата е активна во Република Северна Македонија преку продажба на брановидни плочи и кутии (брановидна амбалажа).

Принцхорн Групацијата нема поврзани субјекти во Република Северна Македонија.

Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг и Гастер Велпапе ГмбХ во моментов се под крајна контрола на Стора Енсо Оиј (Stora Enso Oyj), финско јавно друштво со ограничена одговорност. Стора Енсо Оиј, преку својата подружница Стора Енсо АБ (Stora Enso AB), има 100% удел во Стора Пакеџинг Холдинг БВ., која поседува 100% од уделите во Гастер Велпапе ГмбХ и 80% од уделите на Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг. Останатите 20% од уделите во моментов ги држат двајца малцински акционери.

Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг, Гастер Велпапе ГмбХ и ПТИ Пакмителтехник ГмбХ се активни во производството и продажбата на брановиден картон и производи од брановидна амбалажа, првенствено за индустриски и комерцијални клиенти во Германија.

Велпапенфабрик Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг, Гастер Велпапе ГмбХ и ПТИ Пакмителтехник ГмбХ не се присутни и немаат никакви активности на територијата на Република Северна Македонија

За целите на оценка на предметната концентрација, според подносителот на известувањето релевантниот пазар може да се дефинира како ***пазар за произбодство и продажба на големо на брановидни плочи  и кутии (брановидна амбалажа).***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.05.2026 година